| | |
|---|---|
| **Неделна тема:** | „Моето семејство-мое богатсво“ |
| **Содржина на денот:** | „Сенките на животните“ |
| **Возраст:** | 4-6 години |
| **Воспитувач:** | Емилија Стојкова |
| | **Дневни активности:** |
| **Здрави и безбедни навики:** | Разговор и покажување на практичен пример за оддржување на физичко растојание додека да сме надвор, во продавница, во парк, пред зграда итн. Оддржување на хигиена на играчките во домот. |
| **Активности:** | Децата уште од мали појавуваат љубопитност за животните, нивниот изглед, големина, начинот на одење и комуницирање.Разговарајте за животните.За полесна перцепција понудете ми на детето пластични или гумени животни,а исто така можете да гледате и видео запис за животните.Дадете му насока на Вашето дете да го опишува животното, да каже со што се храни и каде живее.Можете да разгледувате енциклопедија за животните.<br>Потоа играјте ја ликовната  игра: „Нацртај ги сенките на животните“.<br>За оваа активност се потребни пластични или гумени животни, молив или фломастери и дневна светлина.<br>На детето дадете му лист од блок  и пластични или гумени играчки-животни и тоа треба да ги црта нивните сенки.Всушност животното се става врз листот и се црта неговата контура.<br>Во склоп на оваа активност може да ја играте играта:„Пантомима на животни“.<br>Како додатна активност, можете да ја нацртате картата на светот, поточно државите од каде потекнуваат животните кои ги одбрале децата.Вие ќе им покажете на децата од каде потекнува животното и ќе го ставите на соодветната држава, на која е нацртано и нејзиното знаме(тоа направете го со 4-5 животни кои се карактеристични по местото на живеење (пр:кенгур-Австралија, слон-Азија или Африка итн).<br>Во склоп на оваа активност можете да слушате звуци од животни и притоа детето да ги препознае. |